**<u>СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА</u>**

# ОДЛУКА

**за**

**употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2014 година на Стопанска банка а.д. Битола**

**март, 2015 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, НО 02- 469/I-2 од датум 21.01.2015 година (Пречистен текст) Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата XXXVI -та седница одржана на ден 25.03.2015 година донесе:

# ОДЛУКА

## За употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2014 година на Стопанска банка а.д. Битола

**Член 1**

Стопанска банка а.д. Битола остварената добивка по годишната сметка за 2014 година во износ од 159.731.305,00 денари ја распоредува како следува:

- 124.857.051,00 денари за покривање на загубата од минати години;
- 34.874.254,00 денари се распоредува во законски резерви.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за поддршка и финансии да ја реализира Одлуката.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по потврдувањето од Собранието на Банката.

**СО бр. 02- 2383/II-16**
**Битола, 25.03.2015 година**

**Собрание**
**на Стопанска банка а.д. Битола**
**Претседавач**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**кон**

**предлог - одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка за 2014 година на Стопанска банка а.д. Битола**

Стопанска банка а.д. Битола согласно законските прописи изготви годишна сметка за 2014 година при што утврди бруто добивка во износ од 177.676.130,00 денари од која по одбивањето на данокот од добивка и данок од непризнаени расходи во износ од 17.944.825,00 денари, нето добивката изнесува 159.731.305,00 денари.

Распоредувањето и употребата на добивката се врши во согласност со член 18 од Статутот на Банката и членовите 36, 483 и 487 од Законот за трговските друштва.

Согласно истите дел од остварената добивка во износ од 124.857.051,00 денари се насочува за покривање на остатокот на загубата од минати години, а останатиот дел од добивката во износ од 34.874.254,00 денари се распоредува во законски резерви.

Надзорниот одбор на Банката на својата 11-та редовна седница одржана на ден 27.02.2015 година донесе Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2014 година на Стопанска банка а.д. Битола.

Предвид изнесеното, се предлага Собранието на Банката да ја усвои предложената одлука.

**Битола, 25.03.2015 година**

**Надзорен одбор**
**на Стопанска банка а.д. Битола**

**Претседател,**
**Г-дин Ненад Јосифовиќ**